Примерок за ревизорот

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar më: | 04.06.2026 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj. org. | Број: Nr. | Прилог: Shtojcë: | Вредност: Vlera: |
| | 15 | 758/3 | |

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

Република Северна Македонија

# ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

## ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ

за Сметка на основен буџет на Република Северна Македонија 637-10
за годината завршена на 31 декември 2025
со

## ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР

**СОДРЖИНА**

ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР ........................................................ 3

БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ...................................................................... 7

БИЛАНС НА СОСТОЈБА ........................................................................................ 8

ПРЕГЛЕД НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА СРЕДСТВА ........................................ 9

БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ .................................................. 10

ДОДАТОК 1 ОДГОВОРНОСТИ НА РЕВИЗОРОТ ЗА РЕВИЗИЈАТА НА ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ ........................................................................................................ 24

РСМ МАКЕДОНИЈА ДОО Скопје
Даме Груев 8, 1000 Скопје, Р. Северна Македонија
T+389 (0)2 3233 301
E contact@rsm.mk
www.rsm.mk

# ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР

**До Собранието на Република Северна Македонија**

## Извештај за ревизијата на финансиските извештаи

### Мислење

Ние извршивме ревизија на финансиските извештаи на Државниот завод за ревизија - Сметка на основен буџет на Република Северна Македонија 020021504063710, а коишто го вклучуваат билансот на приходите и расходите за годината којашто завршува на 31 декември 2025, како и билансот на состојба заклучно со таа дата, и прегледот на значајните сметководствени политики и други објаснувачки белешки.

Според нашето мислење, придружните финансиски извештаи објективно ја презентираат, во сите материјални аспекти финансиската состојба на Државниот завод за ревизија - Сметка на основен буџет на Република Северна Македонија 020021504063710 заклучно со 31 декември 2025 година, како и неговите приходи и расходи за годината којашто завршува тогаш во согласност со Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и Правилникот за примена на Меѓународните сметководствени стандарди за јавниот сектор на готовинска основа.

### Основа за мислење

Ние ја спроведовме нашата ревизија во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија (МСР). Нашите одговорности според наведените стандарди се опишани во делот Одговорности на ревизорот за ревизијата на финансиските извештаи од овој извештај. Ние сме независни од Државниот завод за ревизија во согласност со Меѓународниот кодекс за етика на професионални сметководители (вклучувајќи ги и меѓународните стандарди за независност) (Кодексот на ОМСЕС) на Меѓународниот одбор за стандарди за етика на сметководители кои се во примена во Република Северна Македонија заедно со етичките барања кои се релевантни за нашата ревизија на финансиските извештаи во Република Северна Македонија и ги исполнивме сите други етички одговорности во согласност со овие барања и Кодексот на ОМСЕС кој е во примена во Република Северна Македонија. Веруваме дека ревизорските докази што ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето мислење.



РСМ МАКЕДОНИЈА ДОО Скопје е член на РСМ мрежата и тргува како РСМ. РСМ е трговското име кое се користи од страна на членките на РСМ мрежата. Секој член на мрежата РСМ е независно друштво кое работи согласно своите доделени права и обврски. Мрежата РСМ самата не е посебно правно лице во ниедна јурисдикција.

**РСМ МАКЕДОНИЈА ДОО Скопје**

Даме Груев 8, 1000 Скопје, Р. Северна Македонија

Т+389 (0)2 3233 301
**E** contact@rsm.mk
www.rsm.mk

## Други информации

Раководството е одговорно за другите информации. Другите информации се состојат од годишниот извештај за работата и годишната сметка изготвени од раководството во согласност со Законот за државната ревизија и Законот за трговските друштва, но не ги вклучуваат финансиските извештаи и нашиот ревизорски извештај.

Нашето мислење за финансиските извештаи не се однесува на останатите информации и ние не изразуваме каква било форма на уверување за нив, освен и во обем кој е експлицитно наведен во Извештајот за други правни и регулаторни барања.

Во врска со нашата ревизија на финансиските извештаи, наша одговорност е да ги прочитаме останатите информации и притоа да разгледаме дали останатите информации се материјално неконзистентни со финансиските извештаи или нашето знаење, прибавено во ревизијата или поинаку, произлегува дека е материјално погрешно. Ако, врз основа на нашата извршена работа, ние заклучиме дека постои материјално погрешно прикажување на овие останати информации, ние треба да известиме за овој факт. Ние немаме ништо да известиме во однос на ова прашање.

## Одговорности на раководството и оние кои се задолжени за управувањето за финансиските извештаи

Раководството е одговорно за подготвувањето и објективното презентирање на овие финансиски извештаи во согласност со Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и Правилникот за примена на Меѓународните сметководствени стандарди за јавниот сектор на готовинска основа и за таквата внатрешна контрола каква што раководството утврдува дека е потребна за да се овозможи подготовка на финансиски извештаи коишто се ослободени од материјално погрешно прикажување, било да е резултат на измама или грешка.

При подготвувањето на финансиските извештаи, раководството е одговорно за проценка на способноста на Државниот завод за ревизија да продолжи под претпоставката за континуитет, обелоденувајќи, кога е применливо, прашања поврзани со континуитетот и користење на сметководствената основа на континуитет, освен ако раководството или има намера да го ликвидира Државниот завод за ревизија или да го прекине работењето, или нема друга реална алтернатива освен да го стори тоа.

Оние кои се задолжени за управувањето се одговорни за надзор на процесот на финансиско известување на Државниот завод за ревизија.



РСМ МАКЕДОНИЈА ДОО Скопје е член на РСМ мрежата и тргува како РСМ. РСМ е трговското име кое се користи од страна на членките на РСМ мрежата. Секој член на мрежата РСМ е независно друштво кое работи согласно своите доделени права и обврски. Мрежата РСМ самата не е посебно правно лице во ниедна јурисдикција.

**РСМ МАКЕДОНИЈА ДОО Скопје**
Даме Груев 8, 1000 Скопје, Р. Северна Македонија
T+389 (0)2 3233 301
**E** contact@rsm.mk
www.rsm.mk

## Одговорности на ревизорот за ревизијата на финансиските извештаи

Нашите цели се да стекнеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи како целина не содржат материјално погрешно прикажување, без разлика дали е резултат на измама или грешка и да издадеме ревизорски извештај што го вклучува нашето мислење. Разумно уверување е високо ниво на уверување, но не претставува гаранција дека ревизијата спроведена во согласност со МСР секогаш ќе открие материјално погрешно прикажување кога тоа постои. Погрешните прикажувања може да произлезат како резултат на измама или грешка и се смета дека се материјални доколку, поединечно или во вкупен износ, разумно би се очекувало да влијаат на деловните одлуки на корисниците донесени врз основа на овие финансиски извештаи.

Понатамошен опис на нашите одговорности за ревизијата на финансиските извештаи е вклучен во Додаток 1 од овој извештај на ревизорот. Овој опис претставува дел од нашиот извештај на ревизорот.



РСМ МАКЕДОНИЈА ДОО Скопје е член на РСМ мрежата и тргува како РСМ. РСМ е трговското име кое се користи од страна на членките на РСМ мрежата. Секој член на мрежата РСМ е независно друштво кое работи согласно своите доделени права и обврски. Мрежата РСМ самата не е посебно правно лице во ниедна јурисдикција.

**РСМ МАКЕДОНИЈА ДОО Скопје**
Даме Груев 8, 1000 Скопје, Р. Северна Македонија
T+389 (0)2 3233 301
E contact@rsm.mk
www.rsm.mk

## Извештај за други правни и регулативни барања

Како што е наведено во пасусот Други информации Раководството на Државниот завод за ревизија е одговорно за изготвување на годишен извештај за работењето на Државниот завод за ревизија за 2025 година во согласност со член 33 од Законот за државната ревизија. Наша одговорност е да изразиме мислење за конзистентноста на посебниот годишен извештај, со историските финансиски информации објавени во годишната сметка и ревидираните финансиски извештаи на Државниот завод за ревизија со состојба на и за годината која завршува на 31 декември 2025, во согласност со меѓународните стандарди за ревизија, како и во согласност со барањата на член 34, став 1, точка (д) од Законот за Ревизија.

Наше мислење е дека, историските финансиски информации објавени во годишниот извештај за работењето на Државниот завод за ревизија со состојба на и за годината што завршува на 31 декември 2025, се конзистентни, во сите материјални аспекти, со информациите објавени во годишната сметка и ревидираните финансиски извештаи на Државниот завод за ревизија со состојба на и за годината која завршува на 31 декември 2025 година.

*Скопје, 03.06.2026*

Друштво за ревизија
РСМ МАКЕДОНИЈА ДОО Скопје
Јаглика Јорданова Андријеска

Овластен ревизор
Љубица Евтимовска Костовска

Друштво за ревизија РСМ МАКЕДОНИЈА ДОО Скопје



РСМ МАКЕДОНИЈА ДОО Скопје е член на РСМ мрежата и тргува како РСМ. РСМ е трговското име кое се користи од страна на членките на РСМ мрежата. Секој член на мрежата РСМ е независно друштво кое работи согласно своите доделени права и обврски. Мрежата РСМ самата не е посебно правно лице во ниедна јурисдикција.

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ

во денари

| Опис на позицијата | Образложение | Буџет 2025 | Реализирано 2025 | Реализирано 2024 |
|---|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | | |
| Трансфери и донации | **3.1.** | 208.051.000 | 198.061.920 | 178.024.401 |
| **Вкупно приходи** | | **208.051.000** | **198.061.920** | **178.024.401** |
| **Расходи** | | | | |
| **Тековни расходи** | **3.2.** | | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 3.2.1. | 167.226.000 | 160.799.347 | 141.467.003 |
| Стоки и услуги | 3.2.2. | 30.300.000 | 28.668.904 | 28.379.641 |
| Разни трансфери | 3.2.3. | 500.000 | 461.015 | 448.799 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **198.026.000** | **189.929.266** | **170.295.443** |
| **Капитални расходи** | **3.3.** | | | |
| Капитални расходи | | 10.025.000 | 8.132.654 | 7.728.958 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **10.025.000** | **8.132.654** | **7.728.958** |
| **Вкупно расходи** | | **208.051.000** | **198.061.920** | **178.024.401** |
| **Нето вишок на приходи - добивка по оданочување** | | - | - | - |

Скопје, 24.02.2026

Раководител на сектор за финансиски прашања
Данче Ангеловска

Главен државен ревизор
Максим Ацевски

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2025 | 2024 |
|---|---|---|---|
| | | | во денари |
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | **4.1.** | | |
| Побарувања од вработените и краткорочни финансиски побарувања | 4.1.1. | 629.944 | 485.554 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.2. | 16.264.193 | 13.723.961 |
| Залихи | 4.1.3. | 3.424.974 | 2.294.893 |
| **Вкупно тековни средства** | | **20.319.111** | **16.504.408** |
| **Постојани средства** | **4.2.** | | |
| Нематеријални средства | 4.2.1. | 8.330.872 | 7.356.621 |
| Материјални средства | 4.2.2. | 465.782.787 | 446.537.431 |
| **Вкупно постојани средства** | | **474.113.659** | **453.894.052** |
| Долгорочни кредити и заеми | 4.2.3. | 2.722.229 | 1.129.002 |
| **Вкупна актива** | | **497.154.999** | **471.527.462** |
| **Вонбилансна актива** | | **467.870** | **-** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | **4.3.** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.3.1. | 2.481.235 | 1.744.009 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 4.3.2. | 13.782.958 | 11.979.951 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.3.3. | 629.944 | 485.555 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **16.894.137** | **14.209.515** |
| **Долгорочни обврски** | **4.4.** | **2.722.229** | **1.129.002** |
| **Извори на средства** | **4.5.** | | |
| Извори на капитални средства | 4.5.1 | 358.332.015 | 358.875.118 |
| Ревалоризациона резерва | 4.5.2 | 119.206.618 | 97.313.827 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **477.538.633** | **456.188.945** |
| **Вкупна пасива** | | **497.154.999** | **471.527.462** |
| **Вонбилансна пасива** | | **467.870** | **-** |

Скопје, 24.02.2026

Раководител на сектор за финансиски прашања
Данче Ангеловска

Главен државен ревизор
Максим Ацевски

## ПРЕГЛЕД НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА СРЕДСТВА

| | | | во денари |
|---|---|---|---|
| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
| **Состојба 01.01.2025 година** | **453.894.052** | **2.294.893** | **456.188.945** |
| **Зголемување по основ на:** | **38.072.969** | **2.071.932** | **40.144.901** |
| Зголемување на вредноста (капитализација) | 16.179.667 | 2.071.932 | 18.251.599 |
| По попис 2025 | | | - |
| Ревалоризација | 21.893.302 | | 21.893.302 |
| **Намалување по основ на:** | **17.853.362** | **941.851** | **18.795.213** |
| Амортизација | 17.839.747 | | 17.839.747 |
| Издатници | | 941.851 | 941.851 |
| По попис 2025 | 13.104 | | 13.104 |
| Ревалоризација | 511 | | 511 |
| **Состојба 31.12.2025 година** | **474.113.659** | **3.424.974** | **477.538.633** |

# БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ

## 1. ВОВЕД

### 1.1. Основање и статус

Државниот завод за ревизија (ДЗР) е независна Врховна ревизорска институција во Република Северна Македонија која повеќе од 20 години транспарентно, навремено и објективно ги информира надлежните институции и јавноста за утврдените состојби од спроведените ревизии.

Како независна врховна ревизорска институција, ДЗР ревизиите ги врши во согласност со ревизорските принципи, стандарди и упатства содржани во Рамката на професионални објави на Меѓународната организација на врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) при што високите професионални квалификации и континуираната обука на вработените претставуваат основа на нашата работа.

Независноста на институцијата е утврдена со Законот за државната ревизија („Службен весник на РМ” број 66/10, 145/10, 12/14, 43/14, 154/15, 192/15, 27/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија” број 122/21 и 3/25) во кој се регулирани надлежностите на ДЗР, утврден е широк мандат во вршењето на ревизии на успешност, со пристап до сите неопходни информации, документации и евиденции за спроведување на државната ревизија.

Со цел обезбедување на услови за непречено извршување на со закон утврдените надлежности како независна Врховна ревизорска институција Државниот завод за ревизија е задолжен за вршење на работите од областа на:

- испитување на документите, исправите и извештаите, сметководствените и финансиските постапки, електронските податоци и информационите системи и други евиденции од аспект на тоа дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската состојба и резултатот на финансиските активности во согласност со прифатените сметководствени начела и сметководствени стандарди;

- испитување и оцена на извештаите на извршената интерна контрола и јавна внатрешна финансиска контрола, испитување и оцена на системот на финансиски менаџмент и контрола;

- испитување на финансиските трансакции кои претставуваат јавни приходи и јавни расходи во смисла на законско и наменско користење на средствата;

- давање оцена за користење на средствата од аспект на постигнатата економичност, ефикасност и ефективност и

- давање оцена за преземените мерки од страна на субјектите предмет на ревизија, во врска со утврдените состојби и дадените препораки содржани во конечниот ревизорски извештај.

## 1.2. Дејност

Државниот завод за ревизија спроведува државна ревизија на

- Законодавството, Буџетот и безбедноста;
- Правда и политичките партии;
- Јавни претпријатија и локална самоуправа;
- Општествени услуги и социјални услуги;
- Животна средина, економија и транспорт.

Државниот завод за ревизија самостојно ја утврдува Годишната програма за работа, објективно одлучува за субјектите предмет на ревизија и начинот, содржината на известувањето од извршените ревизии, без пристрасност и ослободено од влијанија од законодавната и извршната власт.

Преку јасните и ефективни препораки ДЗР обезбедува поддршка на државните и другите институции во унапредување на управување со јавните средства и придонесува за поголема отчетност на трошењето на јавните средства -средствата на даночните обврзници, а со тоа и подобрување на квалитетот на животот на граѓаните на Република Северна Македонија преку испорака на услуги со почитување на принципите на сигурност во давањето на услугите, континуитет и квалитет на услугата, транспарентност како и заштита на корисниците и граѓаните.

Нашата институција како независен надворешен ревизор, ревизијата ја врши во согласност со ревизорските стандарди на Меѓународната организација на врховни ревизорски институции (INTOSAI) применувајќи високи професионални квалификации и континуирана обука на вработените кои се основни вредности во нашата работа.

## 1.3. Организациона поставеност

Со Правилникот за внатрешна организација на ДЗР број 01-1666/1 од 27.12.2022 година е уредена внатрешната организација, видот и бројот на организациски единици и нивниот делокруг на работа, начинот на раководење и работење.

Со Правилникот за систематизација на работни места во Државниот завод за ревизија со број 01-1667/1 од 27.12.2022 година е утврден вкупниот број на вработени (административни службеници и помошно-технички лица) распоредот, шифрата, називот и описот на работните места по организациони единици и посебните услови потребни за извршување на работите и работните заачи на одделните работни места.

## 1.4. Раководење и управување

Со Државниот завод за ревизија раководи Главниот државен ревизор м-р Максим Ацевски избран со одлука број 08-6708/1 од страна на Собранието на Република Северна Македонија на 12.12.2019 година со мандат од 9 години.

Со Државниот завод за ревизија раководи и Заменик на главниот државен ревизор м-р Орхан Адеми избран од страна на Собранието на Република Северна Македонија на 04.02.2020 година со мандат од 9 години.

Нив ги избира и разрешува Собранието на Република Северна Македонија и се независни во вршење на своите задачи. Главниот државен ревизор од редот на раководните вработени назначува Генерален секретар за извршување на задачите и должностите согласно Законот за вработените во јавниот сектор и Законот за административни службеници.

Вкупниот број на вработени во Државниот завод за ревизија изнесува 143 вработени, од кои 2 функционери, 128 вработени овластени државни ревизори и државни ревизори и 13 вработени за административна поддршка (10 административни службеници вработени во Секторот за општи и правни работи и во Секторот за финансиски прашања и 3 вработени се помошно-технички персонал во ДЗР).

### 1.5. Ревизии

Државниот завод за ревизија транспарентно, навремено и објективно ги информира надлежните институции и јавноста за утврдените состојби од спроведените ревизии:

1. **Законодавство, Буџет и безбедност**
    - Собрание
    - Буџет
    - НБРСМ
    - Безбедност.
2. **Правда и политички партии**
    - Правосудство
    - Политички партии
    - Изборен процес
3. **Јавни претпријатија и локална самоуправа**
    - Јавни претпријатија на централно ниво
    - Јавни претпријатија на локално ниво
    - Единици на локална самоуправа
4. **Општествени и социјални услуги**
    - Образование
    - Култура
    - Социјала
    - Здравство
5. **Животна средина, економија и транспорт**
    - Земјоделство
    - Водостопанство
    - Енергетика
    - Животна средина
    - Транспорт и комуникации
    - Економија

### 1.6. Финансиски податоци за субјектот

Државниот завод за ревизија своето редовно работење во 2025 година го врши преку следните сметки:

| Сметки | Програма | Извори на средства: |
|---|---|---|
| 020021504063710 | 20 државна ревизија | Редовна сметка<br>Средства од буџетот на Република Северна Македонија |
| 020021504063119 | 20 државна ревизија | Сопствена сметка<br>Сметка на приходи |
| 020021504078579 | 20 државна ревизија | Донаторска сметка –EUROSAI нов проект |
| 020021504078583 | 20 државна ревизија | Донаторска сметка –EUROSAI-паралелна ревизија |

### 1.7. Специфични податоци за субјектот

Седиштето на Државниот завод за ревизија е во Скопје, на улица „Павел Шатев" број 2, Палата „Емануел Чучков".

## 2. СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ И ПРОЦЕДУРИ ЗА ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ

На 30.09.2024 година врз основа на донесено Решение од страна на Главниот државен ревизор донесени се процедури и политики за финансиското работење на Државниот завод за ревизија:

- Процедура за финансиски прашања (архивски број 01-878/1);
- Основни сметководствени политики, процедури и начела на ДЗР (архивски број 01-879/1);
- Процедура за исплата на патни и дневни трошоци за службено патување во странство (архивски број 01-880/1);
- Процедура за користење на службени возила (архивски број 01-881/1);
- Процедура за пресметка и исплата на плати на вработените (архивски број 01-882/1);
- Процедура за прием, контрола, плаќање и сметководствено евидентирање на влезни фактури (архивски број 01-883/1);
- Процедура за водење на денарска и девизна благајна (архивски број 01-884/1);
- Процедура за изработка на буџет на ДЗР,планирање, следење и реализација (архивски број 01-885/1);
- Процедура за материјална и сметководствена евиденција на основните средства, ситен инвентар, канцелариски материјали и артикли за кујна (архивски број 01-886/1).

# 3. БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ

## 3.1. Трансфери и донации

Позицијата трансфери и донации обезбедени од Буџетот на Република Северна Македонија за Државниот завод за ревизија за 2025 година беа одобрени и проектирани во вкупен износ од 208.051 илјади денари со реализација од 95,2 % односно 198.062 илјади денари (во 2024 година – 178.024 илјади денари).

## 3.2. Тековни расходи

### 3.2.1. Плати, наемнини и надоместоци

Позицијата на плати, наемнини и надоместоци согласно одобрениот буџет за 2025 година од Министерство за финансии е планирана во вкупен износ од 167.226 илјади денари, а реализирана во износ од 160.799 илјади денари и тоа по следните основи како што е прикажано во табелата и графиконот подолу:

- основни плати (функционери и други вработени);
- данок на доход од плата;
- придонеси од плати за Фонд за здравствено и пензиско осигурување;
- придонеси од плати за професионално заболување и вработување и
- придонеси за Агенција за вработување .

*во денари*

| Опис | Буџет 2025 | Реализирано 2025 | Разлика Буџет/Реализација | Реализирано 2024 |
|---|---|---|---|---|
| Основни плати, надоместоци и персонален данок на доход | 117.287.000 | 113.378.405 | 3.908.595 | 99.944.974 |
| Придонеси за социјално осигурување и вработување | 45.975.000 | 44.046.704 | 1.928.296 | 38.836.451 |
| Останати исплати-теренски додаток | 3.964.000 | 3.374.238 | 589.762 | 2.685.578 |
| **Вкупно:** | **167.226.000** | **160.799.347** | **6.426.653** | **141.467.003** |




На 31.12.2025 година во Државниот завод за ревизија вкупниот број на вработени е 143 лица (Главен државен ревизор, заменик на ГДР, овластени државни ревизори, државни ревизори, помошно технички лица и вработени за административна поддршка).

Вработените се организирани во 14 сектори и тоа:

- Сектор за ревизија на субјектите од законодавната, извршната власт претседателот, Буџетот на РСМ, одбраната, јавната безбедност и Народната банка на РСМ;
- Сектор за ревизија на политичките партии, Државнта комисија за спречување на корупцијата, Државната изборна комисија и Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и следење на изборниот процес;
- Сектор за ревизија на единиците на локалната самоуправа и јавните претпријатија и трговските друштва основани од еднициците на локална самоурава;
- Сектор за ревизија на јавните претпријатија и трговските друштва основани од централната власт;
- Сектор за ревизија на субјекти од областа на трудот, социјалата, работните односи, пензиското и инвалидското осигурување, образованието и културата;
- Сектор за ревизија на субјекти од областа на здравството, животната средина и просторното планирање, земјоделството, шумарството и водостопанството;
- Сектор за ревизија на субјекти од областа на правдата, правосудството, јавното обвинителство, казнено-поправните установи, државното правобранителство, економијата, сообраќајот и комуникациите;

- Сектор за унапредување на ревизијата и имплементација на меѓународните стандарди;
- Сектор за развој на информациските системи;
- Сектор за ревизија на субјекти кои користат средства од ЕУ и други меѓународни фондови;
- Сектор за ревизија на системи политики за откривање и спречување на неправилности, поткуп (мито) измама, корупција и судир на интереси и за следење и имплементацијана меѓународните стандарди и политики;
- Сектор за поддршка на Главниот државен ревизор;
- Сектор за финансиски прашања и
- Сектор за правни и општи работи и јавни набавки.

### 3.2.2. Стоки и услуги

Позицијата стоки и услуги за 2025 година беше проектирана во вкупен износ од 30.300 илјади денари со реализација од 28.669 илјади денари по следните основи:

- комунални услуги, греење, комуникација и транспорт кои опфаќаат: расходи за електрична енергија, водовод и канализација, ѓубретарина, централно греење, течни горива, пошта, телефон и телефакс, како и расходи за горива и масла и регистрација на моторни возила;
- ситен инвентар, алат и други материјали за поправка, кои опфаќаат канцелариски материјали, списанија, весници и други изданија, други административни материјали, материјали за АОП, ситен инвентар, алат и други материјали за поправка;
- поправки и тековно одржување, кои опфаќаат поправки и одржување на возила, одржување на згради, поправки и одржување на мебел, поправки и одржување на хардвер и софтвер и поправки и одржување на опрема;
- договорни услуги, кои опфаќаат банкарска провизија, осигурување нна вработени, осигурување на моторни возила, преведувачи, услуги за копирање, печатење и издавање и други договорни услуги;
- други тековни расходи кои опфаќаат членарини за меѓународни организации, членарини во домашни организации, расходи за репрезентација и други оперативни расходи, објави на огласи и др.

***во денари***

| Опис | Буџет 2025 | Реализирано 2025 | Разлика Буџет/Реализација | Реализирано 2024 |
|---|---|---|---|---|
| Патни и дневни расходи | 7.000.000 | 6.171.033 | 828.967 | 7.382.941 |
| Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 10.000.000 | 9.896.814 | 103.186 | 8.496.956 |
| Ситен инвентар, алат и други материјали за поправка | 3.190.000 | 2.781.730 | 408.270 | 1.936.526 |
| Поправки и тековно одржување | 3.200.000 | 3.180.238 | 19.762 | 2.750.571 |
| Договорни услуги | 4.210.000 | 4.114.002 | 95.998 | 4.626.047 |
| Други тековни расходи | 2.700.000 | 2.525.087 | 174.913 | 3.186.600 |
| **Вкупно:** | **30.300.000** | **28.668.904** | **1.631.096** | **28.379.641** |




### 3.2.3. Разни трансфери

На позицијата разни трансфери и исплати по извршни исправи планирани средства за 2025 година се 500 илјади денари, а реализирани се средства во износ од 461 илјада денари или 92,2% од кои реализираните средства беа наменети за остварување на одредени права на работниците согласно законот за извршување на буџетот за 2025 година.

***во денари***

| Назив | Буџет за 2025 | Реализација за 2024 | Разлика Буџет/Реализација | Реализација за 2024 |
|---|---|---|---|---|
| Трансфери | 500.000 | 461.015 | 38.985 | 448.799 |
| **Вкупно** | **500.000** | **461.015** | **38.985** | **448.799** |

## 3.3. Капитални расходи

На оваа позиција на капитални расходи планирани и одобрени се средства од буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година за набавка на опрема, машини, канцелариски мебел, софтвери, лиценци и возила во износ од 10.025 илјади денари додека реализирани се средства во вкупен износ од 8.133 илјади денари или 81,12%.

Државниот завод за ревизија го следи развојот на информатичката технологија и континуирано вложува во употребата на информатичката технологија во ревизијата.

Развојот и употребата на информатичката технологија и нејзина рационална и ефикасна употреба во ревизијата е една од стратешките цели на Државниот завод за ревизија. За таа цел потребно е да се осигура непречено функционирање на инфраструктурата на информацискиот систем и на имплементирани системи за централизирано чување и размена на податоци, со особено внимание на клучните сервиси и процеси како електронската пошта, архивското работење, интегрираниот финансиски информационен систем, системот за анализа на податоците од ревизорските извештаи и системот за управување со процесот на ревизија (Audit Management System (AMS).

Со цел надградба, одржување и континуирана заштита на податоците и системите за безбедноста на информацискиот систем беа планирани и реализирани средства за лиценци и софтвери за графички дизајн, лиценци за софтвер за канцелариско работење, лиценци за back up заштита, софтвер за управување со процесот на ревизија (AMC), услуги за изработка, дизајнирање и одржување на веб страна и интранет портал, софтвери за потребите на ревизија и поквалитетна анализа на податоците, систем за евиденција на инциденти, услуги за развој и имплементација на систем за управување со документи.

Планираните и реализираните средства на ставката 480 - капитални расходи за 2025 година се прикажани во табелата и графиконот подолу:

***во денари***

| Назив | Буџет за 2025 | Реализација за 2025 | Разлика Буџет/Реализација | Реализација за 2024 |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |
| Купување на опрема и машини | 5.000.000 | 3.257.707 | 1.742.293 | 3.721.292 |
| Купување на канцелариски мебел | | | 0 | 696.199 |
| Вложување во нефинансиски средства | 4.025.000 | 3.882.769 | 142.231 | 1.944.799 |
| Набавка на возила | 1.000.000 | 992.178 | 7.822 | 1.366.668 |
| **Вкупно** | **10.025.000** | **8.132.654** | **1.892.346** | **7.728.958** |


План и реализација за 2025 година на категорија 48-капитални расходи
6.000.000
5.000.000
4.000.000
3.000.000
2.000.000
1.000.000
0
Купување на опрема и машини
Вложување и нефинансиски средства
Купување на возила
Одобрен буџет за 2025 година
Реализација на буџет за 2025 година
Реализација на буџет за 2024 година

# 4. БИЛАНС НА СОСТОЈБА

## Актива

Врз основа на заклучниот лист за 2025 година на Државниот завод за ревизија, позицијата на актива изнесува 497.155 илјади денари и во неа се вкалкулирани постојаните средства, паричните средства и побарувањата, материјали, ситен инвентар и резервни делови, долгорочните кредити и заеми и други средства.

## 4.1. Тековни средства

### 4.1.1. Побарувања од вработените и краткорочни финансиски побарувања

Оваа позиција за 2025 година е проценета во висина од 630 илјади денари (2024 година 486 илјади денари) и се однесува на непотрошени финансиски средства кои останале како салдо на 31.12.2025 година на сметка на деловните виза бизнис картички на вработените во ДЗР кои се овластени корисници на вакви картици и непотрошени средства на картичките за патарини.

### 4.1.2. Активни временски разграничувања

Оваа позиција согласно сметководствената евиденција за 2025 година е проценета во висина од 16.264 илјади денари (во 2024 година изнесува 13.724 илјади денари) и се состои од вкалкулираните обврски кон добавувачите во износ од 2.481 илјади денари, искажани обврски за плати и придонеси за вработените за месец декември 2025 година во износ 13.750 илјади денари и обврски кон вработени сметководствено евидентирани во износ од 33 илјади денари.

### 4.1.3. Залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар

Состојбата на позицијата на материјали, резервни делови и ситен инвентар на ден 31.12.2025 година е прикажана во следната табела:

***во денари***

| Опис | 31 декември 2025 | 31 декември 2024 |
|---|---|---|
| Залиха на канцелариски материјали | 3.422.713 | 2.292.632 |
| Ситен инвентар на залиха | 2.261 | 2.261 |
| **Вкупно** | **3.424.974** | **2.294.893** |

## 4.2. Постојани средства

### 4.2.1. Нематеријални средства

Во деловните книги на ДЗР за 2025 година вкупната вредност на нематеријалните средства изнесува 8.331 илјади денари (во 2024 година вредноста на нематеријалните средства изнесува 7.357 илјади денари).

### 4.2.2. Материјални средства

Вкупна вредност на материјалните средства за 2025 година изнесува 465.783 илјади денари (во 2024 година изнесува 446.537 илјади денари). Групата материјални средства ги опфаќа:

- зградата на ДЗР која е воведена во сметководствената евиденција во 2021 година согласно добиената процена на вредноста на недвижниот имот број СВ V 156/21 од страна на Бирото за судски вештачења (наш архивски број 01-1172/2 од 29.12.2021 година );

- патнички возила, компјутерска опрема, канцелариски мебел, опрема за ПТТ сообраќај;

- -книги во библиотека.

Стапките на амортизација на материјалните средства се дадени во следната табела:

| Опис | Стапки во 2025 година |
|---|---|
| Градежни објекти | 1 - 4% |
| Компјутери | 20% |
| Возила | 15% |
| Друга опрема и канцелариски мебел | 12% |
| Опрема за ПТТ сообраќај | 14% |

### 4.2.3. Долгорочни кредит и заеми

Вкупната вредност на оваа позиција за 2025 година изнсува 2.722.229 денари.

**Пасива**

Врз основа на заклучниот лист за 2025 година на Државниот завод за ревизија, позицијата на пасива изнесува 497.155 илјади денари и во неа се вкалкулирани тековните обврски (краткорочни обврски спрема добавувачите, краткорочни обврски за плати, други обврски спрема вработените и пасивните временски разграничувања) во вкупен износ од 16.894 илјади денари и изворите на деловните средства во вкупен износ од 477.539 илјади денари во која вредност влегуваат деловниот фонд, фондот на залиха на материјали, резервни делови и ситен инвентар, како и ревалоризационата резерва и долгорочните обврски во вредност од 2.722 илјади денари кои се однесуваат за набавените 2 теренски возила по пат на финансиски лизинг.

## 4.3. Тековни обврски

### 4.3.1. Краткорочни обврски спрема добавувачи

Оваа позиција е проценета во висина од 2.481 илјади денари (2024 година 1.744 илјада денари), а се состои од сметководствено евидентирани обврски кон добавувачите за извршени набавки на стоки и услуги во земјата.

### 4.3.2. Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените

Оваа позиција е проценета во висина од 13.783 илјади денари (во 2024 година изнесувала 11.980 илјади денари) по основ на пресметани, а неисплатени надоместоци во износ од 33 илјади денари и за пресметана неисплатена бруто плата на вработените во ДЗР за месец 12/2025 година во износ од 13.750 илјади денари.

### 4.3.3. Пасивни временски разграничувања

Оваа позиција за 2025 година е проценета во висина од 630 илјади денари (486 илјада денари во 2024 година) и се однесува за сметководствено евидентирани побарувања од вработените за одобрени финансиски средства од виза картици искажани во активата на билансот на состојба за истиот износ.

## 4.4. Долгорочни обврски

Вредноста на позицијата долгорочни обврски изнесува 2.722 илјади денари која се однесува за сметководствено евидентирана обврска за набавени 2 теренски службени возила по пат на финансиски лизинг во 2025 година за потребите на ДЗР.

## 4.5. Извори на средства

### 4.5.1. Извори на капитални средства

Вредноста на позицијата извори на капитални средства на ден 31.12.2025 година според заклучниот лист од деловните книги на Државниот завод за ревизија е сметководствено евидентирана во вкупен износ од 358.332 илјади денари (2024 година изнесува 358.875 илјади денари ) која претставува номиналната вредност на државниот капитал (постојани средства) и останат капитал (залиха на материјали, резервни делови и ситен инвентар).

### 4.5.2. Ревалоризациона резерва за 2025 година

Вредноста на позицијата ревалоризациона резерва во 2025 година (ставка 910 согласно сметковниот план) изнесува 119.207 илјади денари и се однесува на пресметана и евидентирана ревалоризација на основните средства согласно објавените коефициенти за ревалоризација за 2025 година од страна на Државниот завод за статистика (за 2024 година изнесува 97.314 илјади денари).

Промените на изворите на капитални средства се прикажани во посебен преглед за движењето на капиталните средства.

Раководител на сектор за финансиски прашања

Данче Ангеловска

## ДОДАТОК 1 ОДГОВОРНОСТИ НА РЕВИЗОРОТ ЗА РЕВИЗИЈАТА НА ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ

Како дел од ревизијата во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија (МСР), применуваме професионално расудување и одржуваме професионален скептицизам во текот на ревизијата. Ние исто така:

- Ги идентификуваме и проценуваме ризиците од материјално погрешно прикажување во финансиските извештаи, без разлика дали се резултат на измама или грешка, дизајнираме и извршуваме ревизорски процедури кои одговараат на тие ризици и прибавуваме ревизорски докази кои се достатни и соодветни да обезбедиме основа за нашето ревизорско мислење. Ризикот од неоткривање на материјално погрешно прикажување како резултат на измама е повисок од ризикот како резултат на грешка, поради тоа што измамата може да вклучи заговор, фалсификување, намерни пропусти, лажни прикажувања или заобиколување на внатрешните контроли.

- Стекнуваме разбирање за внатрешните контроли кои се значајни за ревизијата со цел да дизајнираме ревизорски процедури соодветни на околностите, но не и со цел за изразување мислење за ефективноста на внатрешната контрола на Државниот завод за ревизија.

- Ја оценуваме соодветноста на користените сметководствени политики и разумноста на сметководствените проценки и поврзаните обелоденувања направени од страна на раководството.

- Донесуваме заклучок за соодветноста на применетата претпоставка за континуитет како сметководствена основа од страна на раководството и врз основа на прибавените ревизорски докази дали постои материјална неизвесност поврзана со настани или услови кои можат да предизвикаат значителен сомнеж во можноста на Државниот завод за ревизија да продолжи да работи под претпоставката на континуитет. Доколку заклучиме дека постои материјална неизвесност, тогаш е потребно да обрнеме внимание во нашиот ревизорски извештај на поврзаните обелоденувања во финансиските извештаи или доколку таквите обелоденувања се несоодветни, да го модификуваме нашето мислење. Нашите заклучоци се засновани на ревизорските докази прибавени до датумот на нашето ревизорско мислење. Меѓутоа, идни настани или услови може да предизвикаат Државниот завод за ревизија да престане да работи според претпоставката на континуитет.

- Ја оценуваме севкупната презентација, структура и содржина на финансиските извештаи, вклучувајќи ги обелоденувањата и дали финансиските извештаи ги претставуваат основните трансакции и настани на начин кој постигнува објективна презентација.

Ги известивме оние кои се задолжени за управувањето, меѓу другото, и за планираниот обем и временскиот распоред на ревизијата и за значајните наоди од ревизијата, вклучувајќи ги евентуалните значајни недостатоци на внатрешната контрола што ги идентификувавме во текот на ревизијата.

Ние, исто така, обезбедуваме изјава за оние кои се задолжени за управувањето дека сме усогласени со релевантните етички барања во однос на независноста и комуницираме со



РСМ МАКЕДОНИЈА ДОО Скопје е член на РСМ мрежата и тргува како РСМ. РСМ е трговското име кое се користи од страна на членките на РСМ мрежата. Секој член на мрежата РСМ е независно друштво кое работи согласно своите доделени права и обврски. Мрежата РСМ самата не е посебно правно лице во ниедна јурисдикција.

нив за сите односи и останати прашања за кои разумно може да се смета дека влијаат на нашата независност и, онаму каде што е применливо, за поврзаните заштитни мерки.

Од прашањата за кои е комуницирано со оние кои се задолжени за управувањето, ние носиме заклучок за оние прашања кои се од најголемо значење за ревизијата на финансиските извештаи во тековниот период и поради тоа се сметаат за клучни ревизорски прашања. Ние ги опишуваме овие прашања во нашиот ревизорски извештај освен доколку законот или регулативата исклучува можност за јавна објава за прашањето или кога, во екстремно ретки ситуации, сме заклучиле дека за прашањето не треба да биде известено во нашиот извештај, поради негативните последици од кои разумно би се очекувало да ги надминат користите за јавниот интерес од таквото комуницирање.



РСМ МАКЕДОНИЈА ДОО Скопје е член на РСМ мрежата и тргува како РСМ. РСМ е трговското име кое се користи од страна на членките на РСМ мрежата. Секој член на мрежата РСМ е независно друштво кое работи согласно своите доделени права и обврски. Мрежата РСМ самата не е посебно правно лице во ниедна јурисдикција.